ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-90/8**

**Дата: 24.02.2012**

ДО
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка на буџет на донации – Проект Градење на капацитети за ЕУ-Интеграција (785) за 2010 година на Секретаријат за европски прашања.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Секретаријат за европски прашања, сметка на буџет на донации – Проект Градење на капацитети за ЕУ-Интеграција (785) за годините кои и претходат на годината предмет на ревизија.

Изразивме позитивно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и позитивно мислење во однос на усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции за 2010 година.

*Ревизорски тим:* ____________________ ____________________ ____________________

*Овластен државен ревизор* ____________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на сметка на буџет на донации – Проект Градење на капацитети за ЕУ-Интеграција (785) на Секретаријат за европски прашања, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2010 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи на сметка на буџет на донации – Проект Градење на капацитети за ЕУ-Интеграција (785) за 2010 година од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Секретаријатот за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- д-р Васко Наумовски, заменик на Претседателот на Влада на Република Македонија задолжен за европски прашања, министер без ресор од 11.07.2009 година до 29.07.2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и расходите на сметка на буџет на донации – Проект Градење на капацитети за ЕУ-Интеграција (785) на Секретаријат за европски прашања се користени за планираните намени утврдени од страна на донаторот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни

ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

2.4. При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.5. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 22.09.2011 до 23.09.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Секретаријатот за европски прашања сметка на буџет на донации – Проект Градење на капацитети за ЕУ-Интеграција (785) на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови во годината за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Секретаријатот за европски прашања, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Секретаријат за европски прашања**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 11,113 | 11,630 |
| **Вкупно приходи** | | **11,113** | **11,630** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 10,359 | 5,217 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **10,359** | **5,217** |
| **Вкупно расходи** | | **10,359** | **5,217** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **754** | **6,413** |



______________________________
______________________________ ________________________
______________________________

**Секретаријат за европски прашања**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 754 | 6,410 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2. | 420 | 420 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 1,437 | 566 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,611** | **7,396** |
| **Вкупна актива** | | **2,611** | **7,396** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 1,437 | 566 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 1,174 | 6,830 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2,611** | **7,396** |
| **Вкупна пасива** | | **2,611** | **7,396** |



______________________________

______________________________ ______________________

______________________________